**Музејот на современата уметност, Скопје**
и
**Францускиот културен центар, Скопје**

Ве поканувaат на свеченото отворање на изложбата
на фотографии
на

# АНРИ КАРТИЕ-БРЕСОН

# HENRI CARTIER-BRESSON

(Франција)

**вторник,**
**18 април 1995 во 19 часот во**
**Музејот на современата уметност, Скопје**



# АНРИ КАРТИЕ - БРЕСОН

Роден е во Шантелу во Франција 1908 година. 1928 година започнува да студира сликарство во ателјето на Андре Лот во Париз. Следната година студиите по сликарство и книжевност ги продолжува на Кембриџ во Англија.
Со фотографијата започнува да се занимава од 1930 година. Како голем патник, тој од најразличните земји што ги посетува (Шпанија, Италија, Мексико, САД, Далечен Исток, Среден Исток, СССР, Африка...) носи документи извонредни по својата едноставност и силна сугестивност. Исто така се интересира и за филмот: 1936 година му асистира на Жан Реноар во филмот "Излет", а 1938 во ремек-делото "Правилата на игра". 1940 во воените операции на Вогез е заробен од каде успева да побегне и да му се приклучи на движењето на Отпорот. Од 1945 година работи за Харперс Базар во Англија. Бресон, заедно со Роберт Капа, Дејвид Сејмур и Џорџ Роџер е основач на прочуената фотографска агенција МАГНУМ. Бресон е тој кој ја издигна репортажната фотографија на ниво на уметност. Бресон ги обработува темите со извонредна интелигенција во анализата, со остра визија и со извонредна рамнотежа на композицијата, што допринесува да биде еден од големите класици на фотографијата. Оваа изложба на која се застапени 155 фотографии, работени од 1932 до 1980 година, го презентира Бресоновиот опус како во временска широчина, така и во битните одлики на неговата фотографска уметност, која, на едно место е наречена "документарен хуманизам".

***Јуни '68 во Париз, 1968***

Издавач МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ, СКОПЈЕ
Самоилова 6б.; тел. 11 77 34, 11 77 35; факс. 23 63 72
за издавачот: Зоран ПЕТРОВСКИ; организација на изложбата: Мирослав ПОПОВИЌ;
ликовно и графичко обликување: Ладислав ЦВЕТКОВСКИ,
печат: ПРИНТ ПОИНТ